osce.org/skopje

RoLHRU/Zhaneta Poposka
September 2021

# Истанбулска конвенција

## Меѓународни стандарди и судска пракса

Organization for Security and
Co-operation in Europe
**Mission to Skopje**

# Опфат на презентацијата

1. Истанбулска Конвенција
   - Процес на изработка
   - Принципи
   - Опфат
   - Кластери
2. Закон за спречување на насилство врз жените и семејно насилство (2021)
3. НАП за спроведување на Истанбулската Конвенција
   - Стратешки цели на НАП
   - Кампања за 16 дена активизам
4. Прашања и одговори

# 1. Истанбулска Конвенција

**Конвенција за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство на Советот на Европа**, 11 мај 2011 година

- Процес на изработка
  - CEDAW, Општа препорака бр.19 и 35
  - Препорака Rec(2005)5 (VAW), CM/Rec(2007)17 (механизми за родова еднаквост), CM/Rec(2010)10 (улогата на м/ж во превенција и решавање на конфликти и градење на мир)
  - ЕСЧП случај – Opuz v. Turkey
  - 34 држави-страни, дополнителни 11 потписници не проследени со ратификации; ЕУ ја потпиша на 13 јуни 2017 година
  - Нашата држава ја потпиша на 8 јули 2011 година, го поднесе инструментот за ратификација на 23 март 2018 година, влезе во сила на 1 јули 2018 година

# Istanbul Convention on violence against women: Signatures and ratifications




Source: Council of Europe (18 June 2018)

infogram

# 1. Истанбулска Конвенција

- „Насилство врз жените“ претставува повреда на човековите права и форма на дискриминација врз жените и ги опфаќа сите дејствија на родово-базирано насилство што доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и закани за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.

- „Родово базирано насилство врз жените“ означува насилство насочено против жената само затоа што е жена или коешто несразмерно ја погаѓа.

# 1. Истанбулска Конвенција

- „Семејно насилство“ подразбира било кое физичко, сексуално, психолошко или економско насилство кои се случува во рамките на семејството или станбената единица или помеѓу поранешни или сегашни сопружници или партнери, без разлика дали сторителот го дели или го делел истото престојувалиште со жртвата.

- „Род“ ги означува општествено конструираните улоги, однесувања, активности и карактеристики што дадено општество ги смета за соодветни за жените и за мажите.

# 1. Истанбулска Конвенција

- Зошто ги разговараме овие прашања?
  - НВЖ е една од најсериозните форми на родово заснована повреда на човековите права во Европа, која сè уште е обвиткана во тишина; тој е светски феномен, многу сложен и може да се забележи на структурно, групно и индивидуално ниво.
  - Жените и девојчињата се изложени на поголем ризик од РБН отколку мажите; насилството влијае не само на жените, туку и врз општеството како целина!
  - Семејното насилство ги погаѓа жените несразмерно; сепак, мажите исто така може да бидат жртви на семејно насилство
  - Децата се жртви на семејно насилство, вклучително и како сведоци на насилство во семејството; постои врска помеѓу СН против жените и физичката злоупотреба на децата, како и траумата која се јавува кога децата се сведоци на насилство во домот

# 1. Истанбулска Конвенција

- Стапки на преваленца на општо ниво: една петтина до една четвртина од сите жени искусиле физичко насилство и повеќе од една десетина претрпеле сексуално насилство со употреба на сила.
- Бројките за сите форми на насилство, вклучително и демнење, се високи дури до 45%.
- 12% до 15% од сите жени биле во врска во која ималко семејно насилство

**Презентација на истражувањето за насилството врз жената во Северна Македонија предводено од ОБСЕ**





Официјално пријавени инциденти

Истражување предводено од ОБСЕ - преваленција

Непознато бидејќи не е обелоденето во истражувањето

# Колку често мислите дека се случува насилство врз жени од страна на партнери, познаници или непознати лица во Северна Македонија?




**БАЗА:**
1,910 жени на возраст од 18–74 години во Северна Македонија.; 42,000 жени на возраст од 18-74 години низ ЕУ

**Извор:**
Истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени.(2018)/ Анкета на Европската Агенција за основни права за насилство врз жените.(2012)

**7%**

**Една од четиринаесет жени на возраст од 18 до 74 години навеле дека доживеале физичко и/или сексуално насилство од страна на не-партнер од 15- годишна возраст.**

**10%**

**Една од десет жени на возраст од 18 до 74 години кои некогаш имале партнер велат дека доживеале физичко и/или сексуално насилство од страна на интимен партнер од 15 - годишна возраст.**

**44%**

**Психолошкото насилство извршено од страна на партнер влијаело на повеќе од две од пет жени кои некогаш имале партнер во својот живот.**

**30%**

**Три од десет жени на возраст од 18 до 74 години навеле дека доживеале сексуално вознемирување од 15 - годишна возраст.**

# Преваленца на различните форми на психолошко насилство од интимен




**БАЗА:** Сите жени во Северна Македонија на возраст од 18–74 години со сегашен партнер (1,520), поранешен партнер (1,296), или друг партнер (1,778)

**ИЗВОР:** истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жените. (2018)

# Преваленца на физичко и сексуално насилство од интимен партнер




**БАЗА:** Сите жени во Северна Македонија на возраст од 18–74 години со сегашен партнер (1,520 поранешен партнер,(614), или друг партнер (1,778).

**ИЗВОР:** истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жените. (2018)

| | Жени што зборуваат македонски % се случило | | Жени што зборуваат албански % се случило | |
|---|---|---|---|---|
| **Физичко насилство** | | | | |
| Сегашен партнер | 7 | (1,120) | 3 | (400) |
| Поранешен партнер | 10 | (581) | 28 | (33*) |
| Друг партнер | 10 | (1,359) | 5 | (419) |
| **Сексуално насилство** | | | | |
| Сегашен партнер | 2 | (1,120) | 1 | (400) |
| Поранешен партнер | 4 | (581) | 19 | (33*) |
| Друг партнер | 3 | (1,359) | 3 | (419) |
| **Физичко и/или сексуално насилство** | | | | |
| Сегашен партнер | 8 | (1,120) | 4 | (400) |
| Поранешен партнер | 11 | (581) | 36 | (33*) |
| Друг партнер | 11 | (1,359) | 5 | (419) |

# Преваленца на сексуалното вознемирување




**БАЗА:**
1,910 жени во Северна Македонија на возраст од 18–74 години; 42,000 жени на возраст од 18-74 низ ЕУ.

**Извор:**
Истражување спроведено од ОБСЕ за насилство врз жени.(2018)/ Анкета на Европската Агенција за основни права за насилство врз жените. (2012)

*Најсериозни форми на сексуално вознемирување се:*

- Несакано допирање, гушкање или бакнување
- Сексуално сугестивни коментари или шеги
- Испраќање или покажување на сексуално експлицитни слики, фотографии или подароци
- Непристојно изложување
- Некој ве натерал да гледате порнографски материјал против вашата волја
- Несакани сексуално експлицитни електронски пораки или СМС пораки




**Седум од десет жртви на физичко и/или сексуално насилство од страна на не-партнер го почувствувале влијанието на барем една од низата на психолошки реакции како одговор на нивниот најсериозен инцидент**




**Повеќе од половина од жените кои доживеале физичко и/или сексуално насилство од страна на интимен партнер имале долгорочна психолошка реакција на нивниот најсериозен инцидент.**




**Полицијата била информирана само за околу 3% од случаите идентификувани како најсериозен инцидент на насилство од страна на сегашниот партнер.**

# 1. Истанбулска Конвенција

- Принципи
  - > Јасна **врска со еднаквоста**: остварувањето на de jure и de facto еднаквоста помеѓу мажите и жените (субстантивна еднаквост) е клучен елемент во спречувањето и искоренувањето на НВЖ
  - > НВЖ е **манифестација на историски нееднаквите односи на моќ** помеѓу жените и мажите, кои доведуваат до доминација врз жените, нивна дискриминација и спречување на целосниот напредок на жените
  - > Постои **структурна природа** на НВЖ како родово-базирано насисклство, и дека насилството е еден од клучните социјални механизми со кои жените се присилени на подредена позиција во споредба со мажите

  - > Треба да се изработи **сеопфатна рамка**, политики и мерки за промоција и заштита како и помош на сите жртви, во јавната и од приватната сфера. <u>Потребно е вклучување на родовата перспектива и земање предвид на повеќекратните идентитети/карактеристики на жртвите!</u>

# 1. Истанбулска Конвенција

- Опфат
  > **Преамбула и 81 член; Група на експерти за акција против насилство врз жени и семејно насилство (The Group of experts on action against violence against women and domestic violence - GREVIO) го набљудува спроведувањето на Конвенцијата**

  > **Сите форми на насилство** - психолошко насилство, демнење, физичко насилство, сексуално вознемирување и насилство, силување, принуден брак, кривични дела извршени во име на т.н. „чест“ и осакатување на женските гениталии, присилен абортус и присилна стерилизација. Културата, обичајот, религијата, традицијата или т.н. „чест“ не смеат да се сметаат за оправдување за ваквите дела.

# 1. Истанбулска Конвенција

- Опфат (продолжение)

  > **Сите жртви** - особено внимание на жените жртви на родово базирано насилство. Правото на жртвата се става во центарот на сите мерки!

  > Се применува во **време на мир** и за **време на вооружен судир** и по неговото завршување (признава дека вооружените конфликти влијаат врз цивилното население, особено жените во форма на широко распространето или систематско силување и сексуално насилство)

# 1. Истанбулска Конвенција

- Кластери (4 главни)

  > **Превенција**

  > **Заштита и поддршка** (Пружањето на услуги нема да зависи од подготвеноста на жртвата да покрене пријава или да сведочи против било кој сторител)

  > **Истрага и гонење** (*Ex parte* и *ex officio* постапки; Во секоја граѓанска или кривична постапка, доказите поврзани со сексуалната историја и однесувањето на жртвата ќе бидат дозволени само кога тоа е релевантно и неопходно!)

  > **Казнување – санкции и мерки** (Се забранети задолжителни алтернативни процеси за решавање на спорови, вклучително медијација и помирување во случај на РБН)

# 2. Закон за спречување на насилство врз жените и семејно насилство (2021)

**Закон за спречување на насилство врз жените и семејно насилство (2021)**, Службен весник на РСМ, бр. 24 од 29 јануари 2021 година

- Целта на законот
  - превенција и спречување на родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство, ефективна заштита на жртвите од каков било облик на родовобазирано насилство врз жени како и на жртвите на семејно насилство
  - се заснова на принципот на еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги
  - се уредува постапувањето на институциите со **должно внимание** при преземањето на мерки за превенција од родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство

# 2. Закон за спречување на насилство врз жените и семејно насилство (2021)

- Видови на насилство
  - > физичко насилство
  - > психичко насилство
  - > демнење
  - > економско насилство
  - > сексуално насилство и силување
  - > сексуално вознемирување
  - > сексуално вознемирување преку интернет
  - > присилен брак
  - > женско генитално осакатување
  - > присилен абортус и присилна стерилизација
  - > трговија со жени
  - > присилна контрола врз жените

# 2. Закон за спречување на насилство врз жените и семејно насилство (2021)

- Должно внимание (член 4)
  - обврска да се воздржат од учество во дејствие на насилство и да ги преземат сите мерки и активности за да спречат какво било дејствие на родовобазирано насилство врз жените и семејното насилство
  - да ги преземат сите соодветни законодавни, управни, судски и други мерки за да превенираат, да заштитат, да истражат, казнат и да обезбедат правичен надоместок на жртвите или враќање во првобитна положба за дејствијата на насилство што се извршени од физички или правни лица
  - службените лица во институциите кои вршат дејност од областа на социјалната заштита, внатрешните работи, здравството, детската заштита и образованието, како и надлежните судови и обвинителства во постапките за родово- базирано насилство врз жените и семејното насилство се должни да постапуваат итно, со должно внимание на интересите и потребите на жртвата

# 2. Закон за спречување на насилство врз жените и семејно насилство (2021)

- Основни начела (член 5-10)
  - недискриминација
  - забрана од виктимизација
  - ранливи жени (бремените жени, жени со деца и деца со попреченост, самохрани мајки, жени со попреченост, жени од рурални средини, жени кои употребуваат droги, сексуални работнички, мигрантки, бегалки, барателки на азил, жени без државјанство, лезбијки, бисексуалки и трансродови луѓе, жени кои живеат со ХИВ, бездомнички, жени жртви на трговија со луѓе, повозрасни жени, материјално необезбедени жени и други)
  - соодветно приспособување
  - родово-одговорни политики
  - зајакнување на жените кои трпат насилство (потенцијалот и капацитетите)

# 2. Закон за спречување на насилство врз жените и семејно насилство (2021)

- Надлежни институции (член 11-27)
  - Надлежни за спроведување на овој закон се сите органи на државната управа, судовите, јавното обвинителство, единиците на локална самоуправа и правните лица кои вршат јавни овластувања - се должни да обезбедат работите од својата надлежност да ја вршат стручни лица, обучени за спроведување на работите определени со овој закон
  - Протокол за меѓусебна соработка (централно + локално ниво)
  - Собрание (Национална стратегија), Влада (презема мерки и активности), Национално координативно тело за имплементација на Истанбулската Конвенција (судии и ЈО учествуваат), МТСП, МВР, МЗ, МП, ЕЛС, АВМУ, АСЈО (едукација, истражувања и анализи, соработка со институции/организации), здруженија, синдикати, правни лица
  - да се издвојат средства/буџет за спроведување на надлежностите

# 2. Закон за спречување на насилство врз жените и семејно насилство (2021)

- собирање на податоци (член 28)
- судови (член 29)
- јавно обвинителство (член 30)
  - > евиденција за број на случаи на родово-базирано насилство врз жените и жртвите на семејното насилство врз основа на пол, род, возраст, етничка припадност, попреченост, живеалиште и други основи
  - > податоци релевантни за следење на состојбата со родово-базираното насилство врз жените и семејното насилство

- Државен завод за статистика (член 31)
  - > Национално истражување

# 2. Закон за спречување на насилство врз жените и семејно насилство (2021)

- превенција (член 33-39)
- заштита (член 40-43)
- мерки за заштита на жртвите (член 44-56)
  - > ревиктимизација
  - > проценка на ризик
  - > мултисекторски стручен тим

- итни и превентивни мерки (член 57-81)

# 2. Закон за спречување на насилство врз жените и семејно насилство (2021)

- судска заштита (член 82-87)
  > граѓанска и кривична постапка
  > жртвите имаат право на посебни мерки на процесна заштита согласно со Законот за кривичната постапка и Законот за правда за децата
  > **Тужба за утврдување на одговорност за непостапување со должно внимание**, пред граѓански суд + преминување на товарот на докажување
  > во постапките кои се однесуваат на заштита на жртвите, судот не може да упати на задолжително спогодбено решавање на спорот!
  > жртвите имаат право на надоместок на материјална и нематеријална штета; ако не може да го наплати од сторителот, ќе може да бара истиот да се исплати од државниот фонд; жртвите се ослободени од плаќање на сите трошоци на постапките за надоместок на штета се до конечна наплата на имотно-правното побарување согласно со закон

# 2. Закон за спречување на насилство врз жените и семејно насилство (2021)

- услуги за жртвите (член 88-99)
  - > општи услуги (пристап до здравствени и социјални услуги)
  - > специјализирани услуги (услуги кои одговараат на конкретните потреби на жртвите на различни видови на насилство, се обезбедуваат без надоместок, достапни за сите жртви и нивните деца независно од волјата на жртвата да сведочи во постапка против сторителот)
  - > услуги на информирање и упатување (СОС линија)
  - > услуга за советување
  - > услуга за привремен престој (згрижување во центар за привремен престој кога постои сознание за реална закана по животот и здравјето на жртвата или во отсуство на други ресурси за згрижување, најмногу до 3 месеци со можност за продолжување до 1 година)
  - > услугата за заштита и поддршка на жените жртви на сексуално насилство и силување
  - > услугата за долготраен третман на жени жртви на сексуално насилство и силување
  - > бесплатна правна помош

# 3. НАП за спроведување на Истанбулската Конвенција

**Национален акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилство врз жени и семејно насилство 2018-2023 година на Владата**, 9 октомври 2018 година

- Три стратешки цели
  - > Хармонизација на националното законодавство со конвенцијата (25 мерки)
  - > Воспоставување услуги за унапредување на заштитата на жртвите од родово базирано насилство и семејно насилство (12 мерки)
  - > Превенција на родово базирано насилство и семејно насилство (13 мерки)

# 3. НАП за спроведување на Истанбулската Конвенција

- Видови на активности

> Промени во законодавството

Усвојување на законот за РБН и СН, Закон за обештетување на жртвите на кривични дела, нов Закон за социјална заштита, како и изменување и дополнување на Законот за еднакви можности меѓу жените и мажите, Кривичниот законик, Закон за бесплатна правна помош, Закон за полиција, Закон за локална самоуправа, Закон за правда на децата, Закон за здравствена заштита, Закон за кривична постапка, Закон за медиуми, Закон за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги и друго

> Воспоставување сервиси/услуги

Изработка на стандарди за обезбедување специјализирани услуги на жртвите и стандардни оперативни процедури, специјализирани програми за градење на капацитети на давателите на социјални услуги, отворање засолништа и формирање кризни центри и создавање советодавни услуги

# 3. НАП за спроведување на Истанбулската Конвенција

> Превентивни мерки

- обезбедување на основни програми за градење на капацитети за родово базирано насилство, меѓу другото за, наставници и образовни кадри во училиштата, овластени службени лица, судиите и јавните обвинители, претставници на единиците на локалната самоуправа, социјалните работници, новинарите и медиумските работници и слично, спроведување медиумски кампањи за подигање на свеста за родово базирано насилство, родови стереотипи и родова еднаквост и ревидирање на учебници и наставни планови во основното и средното образование преку развивање содржини што промовираат родова еднаквост и мирно решавање на конфликтите, редовно следење на состојбата со родово базирано насилство и семејно насилство и изготвување извештаи

# 3. Кампања за 16 дена активизам

Кампањата за 16 дена активизам против родово базираното насилство е меѓународна кампања која се одржува секоја година. Започнува на 25 ноември, Меѓународниот ден за елиминација на насилството врз жените, до 10 декември, Ден на човековите права.

- Клучни елементи
  - > Лани глобалната тема беше **#HearMeToo**, која ги повикува сите да застанат во солидарност со застапниците на преживеаните, женските движења и бранителите на човековите права на жените кои работат на ставањето на крај на насилството врз жените и девојчињата
  - > Оваа година темата ќе биде

"Orange the World: Generation Equality Stands against Rape!"

#СлушниЈа

# 3. Кампања за 16 дена активизам











# 3. Кампања за 16 дена активизам

> Facebook, Twitter и Instagram online кампања



# 3. Кампања за 16 дена активизам




#HearMeToo
#16дена
#Dëgjoje

**#СлушниЈа**

**16 ДЕНА АКТИВИЗАМ ПРОТИВ**
**НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ И ДЕВОЈЧИЊА**

# Студија на случај

Во периодот од 1995 до 2002 година госпоѓа Опуз и нејзината мајка биле тепани, навредувани и биле предмет на закани од страна на сопругот на госпоѓа Опуз. Иако, постоеле медицински извештаи и госпоѓа Опуз поседувала кривични пријави за телесни повреди, таа ги повлекувала, така што постапката била запрена. Во 2001 година, таа биле прободена со нож од страна на нејзиниот сопруг, кој бил обвинет за нанесување на телесна повреда со нож и бил парично казнет. Нејзината мајка барала тој да биде притворен, наведувајќи дека претходните кривични пријави биле повлекувани поради закани со смрт и заплашувања од страна на сопругот на госпоѓа Опуз.

Насилството кулминирало со убиство на мајката на госпоѓа Опус, која била застрелана од страна на г-ин Опуз. Во март 2008 година, тој бил осуден на доживотен затвор за убиство и за поседување на оружје. Поради наводната провокација од страна на жртвата и доброто однесување на обвинетиот, казната била намалена на 15 години и 10 месеци затвор и парична казна. Сопругот на госпоѓа Опуз бил ослободен од притвор, поради времето кое го поминал во притвор и поради тоа што пресудата можела да се обжали.

Во април 2008 година, госпоѓа Опуз повторно барала полициска заштита, поради заканите изјавени од сопругот спрема неа и нејзиното ново момче. Властите со одложување наредиле заштитна мерка против сопругот.

# Студија на случај

**Прашања:**

1. Има ли елементи на родово базирано насилство?

2. Има ли елементи на дискриминација и врз која основа?

3. Има ли државата пропусти и какви?

# Прашања и одговори

Достапни ресурси:

Web страната на ИК:

https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/home

Закон за спречување на насилство врз жените и семејно насилство (2021)

https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/1a28a922f364401e94935d4d694b9d75.pdf

Национален акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилство врз жени и семејно насилство 2018-2023 година на Владата

http://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx